РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# *онлине Советување на тема :*
# *Заштита на укажувачите, имплементација, отворени предмети и заштита на укажувачите*

м-р Ирена Поповска
Генерален секретар и овластено лице за заштитено надворешно и заштитено внатрешно пријавување во ДКСК

14 декември 2021 година Скопје

# Правна регулатива

Закон за заштита на укажувачите, “Службен весник на РМ” бр.196 од 10 ноември 2015 год.

- Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачите, “Службен весник на РМ“ бр. 35 од 23 февруари 2018 год. и бр.257 од 29 октомври 2020 година
- Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, “Службен весник на РМ” бр. 46 од 8 март 2016 г.
- Правилник за заштитено надворешно пријавување, “Службен весник на РМ” бр. 46 од 8 март 2016 г.
- Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор, “Службен весник на РМ” бр. 46 од 8 март 2016 г.

Примената на Законот и правилниците започна на 18 март 2016 година

# *Закон за заштита на укажувачите*

- Основна цел на Законот е ***воведување на системска заштита на лицата*** кои заради заштита на јавниот интерес пријавиле и на тој начин алармирале дека е извршено, се извршува или постои веројатност дека ќе се изврши казниво или друго недозволено постапување, кое се овозможува со внатрешни и надворешни механизми на пријавување, согласно меѓународните препораки.

- **Нов модерен инстумент во борбата против корупцијата со кој се јакне институционалната борба против корупцијата**, базиран на претпоставката дека укажувачите играат значајна улога во откривањето на корупцијата, измамите, злоупотребите и други казниви дела кои го загрозуваат здравјето на луѓето и безбедноста, човековите права и владеењето на правото.

# *Закон за заштита на укажувачите*

***Заштитено пријавување*** е ***пријавување*** односно ***откривање*** со кое се пренесува ***разумно сомневање или сознание*** дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволено постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес

***Јавен интерес***

- заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународните договори и Уставот,
- спречување на ризиците на здравјето,
- одбраната и безбедноста,
- заштита на животната средина и природата,
- заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемаштвото,
- владеењето на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

# *Закон за заштита на укажувачите*

Поим на укажувач - Лице кое ***со добра намера*** врши заштитено пријавување согласно законот

***Категории на лица*** кои може да се јават како укажувачи

- вработено лице на неопределено или определено време во институцијата/правното лице за каде пријавува
- кандидат за вработување, кандидат за волонтер, или практикант во институцијата/правното лице за каде пријавува
- лице кое е или било волонтер или практикант во институцијата/правното лице за каде пријавува
- лице по било кој основ е или било во деловен или друг однос на соработка или
- лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа
- лице кое користи или користело услуги во институцијата

# *Закон за заштита на укажувачите*

***Заштитено пријавување*** се врши како

- **заштитено внатрешно пријавување**
- **заштитено надворешно пријавување**
- **заштитено јавно пријавување**

анонимно или доверливо, ***со добра намера*** и врз основа на ***разумно уверување*** во времето на пријавување дека информаците содржани во пријавата се вистинити.

- Укажувачот не е должен да ја докажува добрата намера и вистинитоста на пријавувањето и има право на заштита и му се гарантира доверливост,

***Заштитено внатрешно пријавување*** врши укажувачот во институцијата/правното лице ***за каде*** има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело или неетичко или друго незаконито или недозволено постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Воспоставен систем/канал за заштитено внатрешно пријавување со назначување на овластено лице за заштитено внатрешно пријавување во секоја институција и обезбедување на технички услови за прием на пријави од укажувачи согласно Правилникот за заштитено внатрешно пријавување и

Усвоена внатрешна процедура за прием на пријави од укажувачи – конкретни чекори во постапувањето по пријавите и нејзино објавување на веб страната на институцијата

# *Заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор*

***Постапување по пријавата***

1. Заведувањето на примената пријава-по приемот со ставање посебен приемен штембил и евидентирање во посебниот деловодник.

2. Проценка на содржината на пријавата

-дали е логична и разумна,

-дали претставува пријава согласно Законот за заштита на укажувачите и

-дали пријавата содржи доволно елементи за да може да се постапува по истата.

# *Заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор*

Овластеното лице донесува заклучоци за понатамошно постапување по пријавата и презема мерки за натамошно постапување, за што го известува раководителот на институцијата.

3.1 Барање информации за утврдување на фактичката состојба до надлежни институции)

3.2 Доколку наводите од содржината на пријавата непосредно или посредно се насочени кон раководното лице, пријавата ја проследува до надлежната институција согласно закон

(*институции за заштитено надворешно известување*, на пр. ДКСК, МВР, Јавен обвинител, Народен правобранител, во зависност од природата на наводите и проценката на овластеното лице).

3.3 Доколку се работи за пријава по која е надлежна да постапува друга институција, овластеното лице е должно најдоцна во рок од 8 дена да ја заведе и да ја проследи до надлежната институција.

## *Заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор*

Овластеното лице презема мерки, односно ја проследува до службеното лице на институцијата откако претходно ќе ги издвои личните податоци и други податоци кои може да го откријат неговиот идентитет, доколку истиот барал да остане доверлив.

5. Постојана комуникација со укажувачот

- известување за текот и дејствијата кои се преземени во текот на постапувањето по пријавата,

- увид во списите на предметот, прибавени во текот на постапувањето

- известување на укажувачот за исходот на постапувањето по пријавата.

# *Закон за заштита на укажувачи*

***Заштитено надворешно пријавување*** укажувачот може да врши до:

- **Државна комисија за спречување на корупцијата,**
- **Министерство за внатрешни работи,**
- **Јавен обвинител,**
- **Народен правобранител или др. институции (пр. инспекторатите)**

доколку

- пријавата непосредно или посредно се однесува на раководното лице во институцијата/правното лице во приватен сектор каде пријавува
- доколку укажувачот во врска со пријавувањето не добил информации за преземени дејствија во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата или
- не се преземени мерки или укажувачот не е задоволен од постапувањето или се сомнева дека нема да се преземат мерки или дека пријавувањето ќе предизвика штетни последици по нему или нему блиско лице.

# *Заштита на укажувачот*

- Законот за заштита на укажувачите (ЗЗУ) гарантира заштита на податоците и идентитетот на укажувачот
- Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно да ги заштити податоците со кои може да се открие идентитетот на укажувачот
- На укажувачот и нему блиско лице му се овозможува **заштита од било каков вид повреда на право**, при утврдување одговорност, престанок на работен однос, суспензија на работно место, распоредување на друго работно место кои е понеповолно, дискриминација или штетно дејствие заради извршено заштитено внатрешно, надворешно или јавно пријавување.
- Заштитата ја обезбедува институцијата/правното лице каде е извршено пријавувањето со

  ***преземање на конкретни дејствија*** за да се спречи повреда на права од работен однос или друго право и ***воздржување од дејствија*** со кои се повредува или загрозува некое право на укажувачот.

# *Заштита на укажувачот*

Доколку не е обезбедена заштитата, укажувачот пријавува во :

- ***Државна комисија за спречување на корупцијата,***
- ***Народниот правобранител,***
- ***Инспекциски совет,***
- ***Министерство за внатрешни работи и***
- ***до Јавното обвинителство***

Институциите од посочената во пријавата институција бараат ***известување за постоење на било каков вид повреда на правата на укажувачот*** поради извршеното пријавување, која/е е должно без одлагање, а најдоцна во рок од 8 дена да достави известување. Во случај на потврдување на повреда на некое право на укажувачот или нему блиско лице, институциите се обраќаат до посочената институција ***со писмено барање за итно преземање мерки за заштита*** на укажувачот со прекинување на дејствијата/отстранување на пропустите со кои се повредуваат правата на укажувачот и за тоа веднаш го известуваат укажувачот.

# *Заштита на укажувачот*

Доколку и покрај преземените дејствија, повредата на правото на укажувачот или нему блиско лице продолжи, институциите веднаш, а најдоцна во рок од 8 дена покренуваат:

- **Иницијатива за поведување постапка за кривично *гонење*** против одговорното лице на институцијата/правното лице во приватниот сектор
- **Иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување или примена на други мерки на одговорнос**т на избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица

**Укажувачот има право на судска заштита и надомест на штет**а што може да ја трпи поради заштитеното пријавување

# *Постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата*

Воспоставен систем на заштитено надворешно и надворешно пријавување во ДКСК согласно ЗЗУ и правилниците

Овластено лице за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување во ДКСК, ***м-р Ирена Поповска***

email : i.popovska @dksk.org.mk     тел: (02)3248962

Начин на доставување на пријави од укажувачи во ДКСК

- во писмена форма, лично на овластеното лице на ДКСК,
- преку посебно поштенско или електронско сандаче
- или усно на записник кај овластеното лице.

На веб страната на ДКСК се објавени сите податоци за овластеното лице и внатрешната процедура за постапување по пријави од укажувачи во ДКСК

# *Постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата*

**Извештајност на системот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавен сектор**

Податоци за овластеното лице, телефон за контакт, неговата електронска адреса и поштенска адреса за прием на пријавите, да се објават на веб-страницата на институцијата

Доставување на податоците за овластеното лице до ДКСК, заради ажурирање на ***Регистарот за овластени лица за прием на пријави од укажувачи во ДКСК согласно член 17 од ЗСКСИ***

| Година | Број на институции | Број на институции со овластени лица | Број на овластени лица | Процент |
|---|---|---|---|---|
| до 2019 | 1324 | 105 | 107 | 7,9% |
| 2020 | 1324 | 113 | 115 | 8,5% |

Од увидот во веб страните на институциите може да се утврди дека поголем дел од институциите постапиле согласно ЗЗУ и правилниците и назначиле овластени лица, но истите не ја исполниле обврската за извештајност и не доставиле известување до ДКСК.

# *Постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата*

- ***Известување за примени пријави од укажувачи од институциите од јавниот сектор кон ДКСК*** - полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи со статистички податоци за примени пријави, во јули и јануари

| Година | *Период* | *Институции од јавен сектор* | *Институции кои примениле пријави од укажувачи* | *Поднесени пријави* |
|---|---|---|---|---|
| 2016 | 16.03-30.06 | *42* | / | / |
| | 01.07.-31.12 | *20* | / | / |
| 2017 | 01.01-30.06 | *41* | / | / |
| | 01.07-31.12 | *39* | / | / |
| 2018 | 01.01-30.06 | *42* | / | / |
| | 01.07-31.12 | *50* | / | / |
| 2019 | 01.01-30.06 | *53* | / | / |
| | 01.07-31.12 | *57* | / | / |
| 2020 | 01.01-30.06 | *54* | *5* | *10* |
| | 01.07-31.12 | *66* | *3* | *11* |

# *Постапување на Државната комисија за спречување на корупција*

Констатирано е дека иако повеќе од институциите имаат воспоставено систем на заштитено внатрешно пријавување, не ја исполниле обврска за доставување извештај до ДКСК од причина што немаат примено пријави од укажувачи

- ***Анализата на примените полугодишни извештаи*** покажа дека има мало подобрување во примената на ЗЗУ во однос на заштитено внатрешно пријавување.

- Поднесените пријави преку каналот на внатрешно пријавување кој е воспоставен во институциите покажуваат дека ***граѓаните се охрабруваат да ја користат*** оваа можност за пријавување на сомневање/сознание за незаконитостии/или неправилности во работењето на институциите,

- Од страна на институциите кои во рамките на внатрешното пријавување примиле пријави од укажувачи, известено е дека постапиле согласно законот, спроведени се конкретни дејствија во насока на проверка на наводите во пријавите и презеле конкретни мерки согласно закон

# Постапување на Државната комисија за спречување на корупција

| Опис на активност | 2019 | 2020 |
|---|---|---|
| Број на примени пријави од укажувачи | 19 | 6 |
| Број на отворени предмети | 19 | 6 |
| Постапување на ДКСК | | |
| Доставена пријава до други институции на заштитено надворешно пријавување согласно ЗЗУ на натамошно постапување | 1 | |
| Донесени одлуки | 17 | |
| Непотврдени наводи | 12 | |
| Нема законски основ за постапување на ДКСК | 4 | |
| По барање на подносителот, предметот е доставен за постапување во редовна постапка на ДКСК | 1 | |
| Постапувањето на ДКСК е во тек | 5 | |
| Иницијативи до надлежен орган за утврдување одговорност на службено лице и Иницијатива до ЈОРСМ | 1<br>1 | |
| Укажување со насоки за преземање на мерки и дејствија до одговорно лице во институцијата, постапувањето на ДКСК е во тек | 1 | |

# *Постапување на Државната комисија за спречување на корупција*

Во ***12*** предмети, поради непотврдени наводите во пријавата ДКСК одлучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување , за што беа известени и укажувачите.

- Во ***2*** предмети ДКСК нема законска надлежност за постапување бидејќи други органи се надлежни за постапување, но затоа беа доставени информации до другите институции на зштитено надворешно пријавување - Народниот правобранител и Министерството за внатрешни работи за нивно надлежно постапување.

- Постапувајќи по ***1*** предмет, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување поради непостоење правен основ за санкционирање на пријавениот градоначалник за сторените прекршувања на одредбите од Законот за јавните претпријатија и Законот за локална самоуправа поврзани со наводите во пријавата. Исполнувајќи ја својата превентивна улога, согласно надлежноста утврдена во член 17 став 1 точка 2 од ЗСКСИ, ДКСК пристапи кон антикорупциска проверка на Законот за јавните претпријатија со цел предлагање на измени и дополнувања на законот со казнени одредби со што би се создал правен основ за санкционирање на сторителите во случаи на непостапување или постапување спротивно одредбите од овие закони во иднина.

-Во ***1*** предмет поради утврдена основаност на наводите во доставената пријава, беа доставени Иницијатива до Владата на РСМ за утврдување на одговорност за пријавеното лице и Иницијатива за кривично гонење до Основното јавно обвинителство Скопје.

- Во ***1*** предмет, по потврдување на наводите во пријавата, ДКСК достави Укажување до раководното лице на институција за преземање конкретни дејствија во насока на надминување на утврдената состојба, од каде се преземаат низа дејствија, кои се во тек.

# *Постапување на Државната комисија за спречување на корупција*

Во 1 предмет беше доставено ***Барање за заштита на укажувач***

Предметот оформен во 2019 година, по пријава од укажувач доставена по пошта до ДКСК

Укажувачот во пријавата до ДКСК извести за наводи за незаконитости и неправилности во работењето на Директорот на јавно претпријатие

Категорија на укажувачот според ЗЗУ – вработено лице во претпрјатието

Постоење несогласување и слаба комуникација помеѓу директорот и укажувачот пред пријавувањето поради што директорот веројатно претпоставил кое лице може да биде укажувачот.

Овластеното лице за заштитено надворешно пријавување достави Барања за прибирање на податоци до други надлежни институции за проверка на наводите во пријавата

Преземена мерка кон укажувачот - распоредување на друго работно место, оддалечено повеќе од 50 км од Скопје

Постапување на ДКСК по ова Барање: побарано беше од раководителот на посочената институција за искажаните наводи од укажувачот -***не е добиен одговор***

Упатени барања за надлежно постапување до инспекциските служби за проверка на наводите – ***постапија институциите***

- Укажувачот достави Известување дека раководителот го повлекол донесеното решение за прераспоредување

## *Постапување на Државната комисија за спречување на корупција*

Против укажувачот беше поведена дисциплинска постапка која заврши со донесување решение за престанок на работниот однос на укажувачот во претпријатието

-Во текот на постапката, ДКСК презема конкретни дејствија за утврдување на фактичката состојба, беше побарано произнесување за преземените дејствија од директорот, кој даде одговор со документација за утврдено прекршување на работниот ред и дисциплина од страна на укажувачот

-Поради основаност на наводите во доставената пријава, ДКСК покрена Иницијатива до Владата на РСМ за утврдување на одговорност против директорот и Иницијатива за кривично гонење до Основното јавно обвинителство Скопје

- Укажувачот има поведено работен спор пред надлежен суд, каде постапката е во тек

# *Постапување на Државната комисија за спречување на корупција*

***Отчетност на ДКСК кон Собранието на РСМ***

Во периодот од примена на ЗЗУ, до Собранието на РСМ доставени се

- Годишен извештај за примени пријави од укажувачи за 2016 година
- Во рамките на Годишниот извештај за работа на ДКСК за 2019 и 2020 година,

сите објавени на веб страната на ДКСК www.dksk.mk,

додека за 2017 и 2018 година не се доставени Годишни извештаи поради не функционирање на ДКСК

***Прашања и коментари***